Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 19 став 2 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Претседателот на Советот на Општина Македонски Брод, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за свикување на Петтата (5) седница на Советот на Општина Македонски Брод**

Ја свикувам петтата (5) седница на Советот на Општина Македонски Брод.

Седницата ќе се одржи на ден 16.02.2026 година (понеделник), со почеток во 11:00 часот.

За седницата го предлагам следниот:

**Дневен ред**

- Усвојување на записникот од Четвртата седница на Советот на Општина Македонски Брод

Т1. К1квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за IV квартал за 2025 година.

Т2. Предлог – Решение за разрешувае и именување на в.д. членови на управниот одбор на ЈП „Комунална хигиена“ Македонски Брод;

Т3. Предлог – Решение за разрешување и именување на в.д. членови на надзорниот одбор на ЈП „Комунална хигиена“ Македонски Брод;

Т4. Предлог – Решение за разрешување и именување на в.д. членови на управниот одбор на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод;

Т5. Предлог – Решение за разрешување и именување на в.д. членови на надзорниот одбор на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод;

Т6. Предлог - Одлука за формирање на Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди и други несреќи на подрачје на Општина Македонски Брод;

Т7. Предлог - Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2026 година;

Т8. Предлог – Заклучок за Усвојување на наративен извештај за спроведени активности во Младински Центар Македонски Брод за 1- ви јануари до 31 декември 2025

Т9. Предлог - одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за заштита и благосостојба на животните преку потикнување на одговорното сопственишто и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територија на општината за период од 2024-2025 година

T10. Предлог - Одлука за донесување на акциски план за управување со заштитено подрачје Слатински извор-споменик на природата за 2026 година;

T11.Предлог - Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во врска со предмет Бр.18-883/1 од 21.10.2025 година;

T12.Предлог - Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во врска со предмет Бр.18-835/1 од 02.10.2025 година;

T13.Предлог - Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во врска со предмет Бр.18-798/1 од 12.09.2025 година;

T14.Предлог - Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во врска со предмет Бр.18-922/1 од 13.11.2025 година;

T15.Предлог - Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во врска со предмет Бр.18-1010/1 од 19.12.2025 година;

T16. Предлог - Програма за работа и развој на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод за 2026 год

T17.Предлог - одлука за утврдување на максимална тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување, максимална тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води и максимална тарифа за прочистување на отпадни води на ЈП „Водовод и кнализација“ Македонски Брод за регулиран период 2025-2027;

T18.Предлог - одлука за утврдување на цената на услугата за собирање на комунален отпад од страна на ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод;

T19.Поднесени барања од правни и физички лица до Советот на Општина Македонски Брод.

**ПРЕДЛОЗИ И ПРАШАЊА**

Седницата ќе се одржи во салата за состаноци во зградата на Општина Македонски Брод.

**Бр.18 – 218/1**
**09.02.2026 година**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Милена Србиноска Богатиноска, с.р.**